Врз основа на член 20, член 24 и член 27 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19) а во врска со поднесеното барање од

Скопје, бр. 02-2435 од 26.04.2022 година, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното

Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup

Бр.-Nr. 02-2435/3
13.05 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**РЕШЕНИЕ**

Се **ПРИФАЌА** барањето на Скопје, бр. 02-2435 од 26.04.2022 година, за пристап до информации од јавен карактер.

Му се овозможува на барателот Скопје, бр. 02-2435 од 26.04.2022 година да се запознае со содржината на бараната информација со фотокопија на истата.

**Образложение**

Барателот на информации од јавен карактер Скопје, на ден 26.04.2022 година достави барање до имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје со кое се бара одговор на следните прашања:

- Во периодот од 2010 досега, колку средства има потрошено МЕПСО за адвокатски и нотарски услуги, односно колку договори за ваков тип на услуги биле склучени, на кој износ биле склучени овие договори и со кои правни лица?

Информацијата ја бараат во форма на фотокопија по пошта и по е-маил.

Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје по разгледување на барањето одговори позитивно и смета дека бараните податоци се од јавен интерес.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

ПРИЛОГ: Табеларен преглед на склучени адвокатски договори; табеларен преглед на исплатени средства по основ на адвокатски и нотарски услуги, по години.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје
Генерален директор,
Orhan Murtezani

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но:

Службени лица за посредување со ИЈК
Кабинет на ГД
Архива